Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
QENDRA SHTETËRORE E PROVIMEVE
Бр.-Nr. 01-307/1
10.7. 2025 год.-viti
Скопје-Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР

# ПРАВИЛНИК
за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Државниот испитен центар

Јули, 2025 година

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/2019, 14/2020 и 208/24), член 12 став 1 алинеја 6 од Законот за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија“ бр.142/2008; 148/2009; 41/2014; 55/2016; 142/2016, 64/2018 и 59/25) и член 20 став 1 алинеја 9 од Статутот на Државниот испитен центар бр. 01-9/1 од 23.11.2009 година, бр. 02-34/1 од 14.01.2011 година и бр. 01-228/2 од 06.05.2015 година, директорот на Државниот испитен центар, на ден 10.07.2025 година, донесе

# ПРАВИЛНИК

## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Државниот испитен центар

### Член 1

Со овој правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Државниот испитен центар бр. 01-281/6 од 13.06.2019 година, бр. 01-281/10 од 26.11.2019 година, бр. 01-398/1 од 28.12.2020 година и бр. 01-308/1 од 19.09.2022 година.

### Член 2

Во Табеларниот приказ на работни места, глава IV, точка 1, подточка 1.1, во Одделение за испити и оценувања кај работно место со реден број 9 со шифра УПР 01 01 В01 000 Советник за општествена група предмети, во делот број на извршители бројот „2“ се менува со бројот „1“.

### Член 3

Во Табеларниот приказ на работни места, глава IV, точка 3 во Одделение за нормативно-правни, административни и општи работи по работно место со реден број 33-а и шифра УПР0101В01000 Советник за управување со човечки ресурси се додава ново работно место со реден број 33-б, кое гласи:

| 3.Одделение за нормативно-правни, административни и општи работи | |
|---|---|
| **Реден број** | 33-б |
| **Шифра** | УПР0101В04000 |
| **Ниво** | В4 |
| **Звање** | Помлад соработник |
| **Назив на работно место** | Помлад соработник за нормативно-правни работи |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководителот на Одделение за нормативно-правни, административни и општи работи |

| | |
|---|---|
| **Вид на образование** | Општествени науки - право |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Спроведувањето на рутински работи и задачи како поддршка на одредени функции од делокругот на одделението во врска со нормативно-правните и административните работи |
| **Работни задачи и обврски** | 1. Помага во извршување на нормативно-правните работи сврзани со остварување дејноста и за потребите на Центарот;<br>2. Помага во изготвување на подзаконските акти и други прописи од надлежност на Центарот;<br>3. Помага во изготвување на нацрт-општи акти за потребите на Центарот;<br>4. Помага во подготовка на материјали за објавување на конкурси за избор на стручни и други соработници во Државниот испитен центар;<br>5. Помага во изготвување на договори и решенија за извршување на работни задачи на одреден временски период за надворешните соработници членови на комисии;<br>6. Ги следи, проучува и применува законските прописи, меѓународно прифатените стандарди и други општи акти од областа. |

Член 4

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и дополнувања и на табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот.

Член 5

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува по добиената согласност од Управниот одбор на Државниот испитен центар и Министерство за Јавна администрација.

Директор на Државен испитен центар
м-р Даниела Јовчевска Михајловска

10 .07. 2025 година
С к о п ј е

## ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВНИОТ ИСПИТЕН ЦЕНТАР

| *** | Шифра на работно место | | | | | Назив на работно место | Број на извршители |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | И | Г | ПГ | К/Н | Б | | |
| | | | | | | ***СЕКТОР ЗА ИСПИТИ, ИТ И ИСТРАЖУВАЊА*** | |
| 1. | УПР | 01 | 01 | Б02 | 000 | Раководител на секторот за испити, ИТ и истражувања | 1 |
| | | | | | | **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИСПИТИ И ОЦЕНУВАЊА** | |
| 2. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделението за испити и оценувања | 1 |
| 3. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за македонски јазик и литература | 1 |
| 4. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за албански јазик и литература | 1 |
| 5. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за турски јазик и литература | 1 |
| 6. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за странски јазици | 1 |
| 7. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за математика | 1 |
| 8. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за природни група предмети | 1 |
| 9. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за општествена група предмети | 1 |
| | | | | | | **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИТ И КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ** | |
| 10. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделението за ИТ и компјутерска обработка на податоци | 1 |
| 11. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за компјутерска обработка на податоци | 2 |
| 12. | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за информатичка технологија | 2 |
| 13. | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за компјутерска обработка на податоци | 1 |
| 14. | УПР | 01 | 01 | Г02 | 000 | Виш референт за внес на податоци | 1 |
| | | | | | | **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИСТРАЖУВАЊА, ОРГАНИЗАЦИЈА И РАЗВОЈ** | |
| 15. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделението за истражувања, организација и развој | 1 |
| 16. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за истражувања, анализа и развој | 2 |
| 17. | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за организација на испити и истражувања | 1 |
| 18. | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за организација на испити и истражувања | 2 |
| 19. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за организација на испитите | 1 |
| | | | | | | ***СЕКТОР ЗА ОБУКИ И ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ*** | |

| *** | Шифра на работно место | | | | | Назив на работно место | Број на извршители |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | И | Г | ПГ | К/Н | Б | | |
| 20. | УПР | 01 | 01 | Б02 | 000 | Раководител на секторот за обуки и издавачка дејност | 1 |
| | | | | | | **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОБУКИ** | |
| 21. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделението за обуки | 1 |
| 22. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за организација на обуки и анализи | 2 |
| 23. | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за организација и спроведување обуки | 1 |
| 24. | УПР | 01 | 01 | Г02 | 000 | Виш референт за организација на обуки | 1 |
| | | | | | | **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| 25. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделението за издавачка дејност | 1 |
| 26. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за издавачка дејност и лектура | 1 |
| 27. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за издавачка дејност и превод на албански јазик | 1 |
| 28. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за компјутерска подготовка на материјали | 1 |
| 29. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за технички работи и магацинско работење | 1 |
| 30. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самоестоен референт за издавачка дејност | 1 |
| 31. | УПР | 01 | 01 | Г04 | 000 | Помлад референт за технички работи и магацинско работење | 1 |
| | | | | | | ***ОДДЕЛЕНИЕ ЗА НОРМАТИВНО-ПРАВНИ, АДМИНИСТРАТИВНИ И ОПШТИ РАБОТИ*** | |
| 32. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделението за нормативно-правни, административни и општи работи | 1 |
| 33. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за нормативно-правни работи | 1 |
| 33-а | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за управување со човечки ресурси | 1 |
| 33-б | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за нормативно-правни работи | 1 |
| 34. | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за управување со човечки ресурси | 1 |
| 35. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за канцелариско и архивско работење | 1 |
| 36. | УПР | 01 | 01 | Г02 | 000 | Виш референт-технички секретар | 1 |
| 37. | УПР | 01 | 01 | Г02 | 000 | Виш референт за канцелариско и архивско работење | 1 |
| 38. | УПР | 04 | 02 | А01 | 001 | Служба за обезбедување-главен чувар | 1 |
| 39. | УПР | 04 | 02 | А02 | 001 | Служба за обезбедување-чувар | 2 |
| | | | | | | ***ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА*** | |
| 40. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделението за финансиски прашања | 1 |
| 41. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за финансиски и материјални работи | 1 |
| 42. | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за економски и сметководствени работи | 1 |